TIKVEŠ
SINCE 1885

**На меѓународен натпревар за вина и жестоки пијалаци во Бугарија**

## Злато за специјалната жолта ракија на „Тиквеш“

**Скопје, 09.04.2014** – Единствената македонска природна жолта лозова ракија со ознака **VS** (Very Special – исклучително специјална) на винарската визба „Тиквеш“ е наградена со златен медал за висок квалитет од страна на жирито на интернационалниот натпревар на вина и жестоки пијалаци „Винарија 2014“ што се одржа во Пловдив, Бугарија.

Златниот медал за жолтата **VS** ракија на ВВ „Тиквеш“ и е доделен во категоријата гроздови ракии стари над 3 години, во конкуренција на 400 брендови од 51 производители од бројни земји.

Жолтата ракија со ознака **VS** на ВВ „Тиквеш“ по многу нејзини карактеристики е уникатен жесток пијалак кој се произведува на природен начин, од висококвалитетен гроздов дестилат староен во дабови буриња повеќе од 5 години. За разлика од останатите традиционални ракии присутни на македонскиот пазар, кои се со јачина околу 40%, кај **VS** таа изнесува 45%, што претставува уште една уникатна карактерситика на овој висококвалитетен жесток пијалок.

*„Ова е голема чест и признание за овој наш уникатен бренд и тоа од меѓународен натпревар на кој учествуваме за првпат. Оваа специјална жолта ракија е совршена комбинација од најдобрата македонска традиција, огромното знаење и искуство на „Тиквеш“ и современите светски трендови и вкусови, што придонесува таа да биде ставена во иста категорија како некои француски коњаци, италијанската грапа или англиското бренди“*, изјави **Елена Младеновска Јеленковиќ**, маркетинг менаџер на „Тиквеш“.

810 бб, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 2 3175 966, Факс: +389 2 3181 735, e-mail: vvtikves@tikves.com.mk